Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 21.05.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2857 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ
## од контролниот надзор на програмскиот сервис на ТРД СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 5 до 11 мај 2014 година

***Предмет на надзорот:***

1. **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот).

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 05-та седница одржана на 29.01.2014 година, во врска со предложениот Извештај од вонредниот надзор на програмскиот сервис на **ТРД СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје**, емитуван во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година, донесе заклучок да го задолжи Секторот за програмски работи, по истекот на рокот од 90 (деведесет) дена од денот на донесувањето на поединечниот акт (решението), да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).

***Констатации:***

Со контролниот надзор е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), **делумно постапил по опомената**, не е целосно отстранета извршената повреда на член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со мониторингот од 5 до 11 мај 2014 година, е констатирано дека ТРД СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје во текот на неделата емитуваше вкупно 9 часа 20 минути и 24 секунди вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик, но не ги почитуваше одредбите од став 4, половина од законски утврдениот минимум емитувана вокална и/или вокална-инструментална музика да биде народна, а другата половина забавна музика. Во анализираната недела народната музика беше застапена со 5 часа 40 минути и 29 секунди, а забавната музика со 3 часа 39 минути и 55 секунди. Во неделата кога е извршен надзорот, во периодот од 7:00 до 19:00 часот, се емитувани вкупно 4 часа 36 минути и 28 секунди вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик, но не е почитувано барањето половина од музиката да биде народна, а половина забавна. Во анализираната недела, во периодот од 7:00 до 19:00 часот народната музика беше застапена со 2 часа 48 минути и 10 секунди, а забавната музика со 1 час 48 минути и 18 секунди.

***Опис на прекршувањето:***

Програмскиот сервис на ТРД СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во периодот од 5 до 11 мај 2014 година, не ја почитуваше обврската за процентуалната распределба на емитуваната музика во текот на неделата. Во анализираната недела, наместо по најмалку 4 часа забавна и народна вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик, емитуваше 3 часа 39 минути и 55 секунди забавна музика. Исто така, во периодот од 7:00 до 19:00 часот, наместо по најмалку 2 часа забавна и народна вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик, емитуваше 1 час 48 минути и 18 секунди

забавна музика, што е спротивно на член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**